РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ

Општина Конче, 2424 Конче
Тел: +389(0)32 630 325
www.konce.gov.mk / e-mail: opstina.konce@t.mk

Број 03-1890/1
Дата:30.12.2021

Врз основа на член 29 од Законот за данок на имот ( Сл. Весник на Р.М. бр: 61/2004,92/07 ,102/08 ,35/11, 53/11,84/12,188/13,154/15,192/15,23/16,151/21 ) Општина Конче Истакнува:

# ЈАВНА ПОКАНА

## за поднесување на даночна пријава за утврдување на данок на имот за 2022 година

Даночна пријава за утврдување на данокот на имот за 2022 година **( образец ДИ )** поднесува даночен обврзник ( правно и физичко лице ) сопственик , корисник или плодоуживател на стамбени објекти , административни згради , деловни простории,градежно неизградено земјиште , кои служат за вршење на дејноста на обврзникот и сите други објекти како во градските населби така и во селските населби вклучувајки ги оние од ридско планинските подрачја.
Од 01.01.2008 год , обврска за поднесување на даночна пријава за имот има и за оној имот кој досега бил ослободен од одредбите на досегашниот закон.

### ОБВРЗНИЦИ НА ДАНОК НА ИМОТ СЕ:

1.Правни и физички лица сопственици на имот;
2. Правни и физички лица корисници на имот, во случаи кога сопственикот не е познат или не е достапен;
3. Плодоуживател на имот согласно законот
4.Ако имотот е сопственост на повеке лица, секој од нив е обврзник на данок на имот сразмерно на сопственичкиот дел;
5.Правно и физичко лице корисник на недвижен имот во сопственост на државата и општината ;
6.Правни и физички лица кои дополнително се стекнале со имот во текот на предходни години , а не го пријавиле;
7. Имотот кај кој настанале промени во вредноста ( изградба , доградба , довршување, проширување).

НАПОМЕНА:
1.Даночен обврзник кој поднел даночна пријава за данок на имот во 1994г. или во наредните години , а кај кого нема промена во сопственоста или вредноста на имотот,не поднесува даночна пријава ;
2. За неподнесување даночна пријава , даночниот обврзник ќе се казни со парична казна согласно Законот за данок на имот ;
3. Проверка на терен како и точноста на сите досега пријавени податоци ќе ја врши Даночен инспектор од ЕЛС . Конче

Даночната пријава се поднесува во Одделението за даноци , такси и надоместоци на општина општинат Конче а каде се наоѓа имотот **најкасно до 31.01.2022 година.**

Изготвил :Тушев Дончо

Општина Конче
Градоначалник
Златко Ристов